Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-55/1
12-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-663/1 од 11.9.2025 година поднесена од --------- против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија кон --------- во областа на работата и работните односи.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-663/1 од 11.9.2025 година, од страна на --------- против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е --------- на служба во Армијата на Република Северна Макеоднија. Претставката ја поднесува бидејќи од 2008 година па до сега со постоечкиот Закон за служба во Армијата смета дека се врши дискриминација преку прекин на работен однос и стекнување право на пензија на вработените офицери, подофицери и цивилни лица. Наведува дека дискриминацијата произлегува од **член 218-а од Законот за служба во Армијата**, кој гласи:

„(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување право на пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж без оглед на годините на возраст.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на жените активен воен и цивилен персонал, по нивно барање може да им престане работниот однос по сила на закон со остварување право на пензија, со навршување на 38 години пензиски стаж, без оглед на годините на возраст.

(3) Активниот воен и цивилен персонал кој ги исполнува условите од ставовите (1) и (2) на овој член, може со писмена изјава до Министерството за одбрана да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години по денот на исполнување на условите.

(4) Писмената изјава од ставот (3) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ја дава еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година, за продолжување на договорот за работа за наредната година.

(5) Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го продолжи договорот за работа.

(6) **По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на работните места на Министерството за одбрана кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место, на истиот му престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата.**

(7) Рокот од ставот (6) на овој член, почнува да тече од денот на започнување на трансформацијата согласно со промените во актот на формацијата на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството за одбрана, согласно со утврдениот динамички план за трансформација.
(8) Активниот воен и цивилен персонал кој навршил 55 години возраст, а не ги исполнува условите утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член, на негово барање со писмена изјава може да побара да му престане работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата.
(9) Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата од ставот (8) на овој член, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го прекине работниот однос.
(10) Пензијата согласно со ставовите (1), (2) и (6) на овој член, е во висина од 80% од просечната нето-плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж.
(11) Пензијата согласно со ставот (8) на овој член, е во висина од 80% од просечната нето-плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж, која се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години.
(12) Средствата за исплата на пензијата од овој член, до навршување на годините на живот за остварување на правото на старосна пензија според прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана."

Смета дека ставот (6) претставува директна дискриминација врз секој офицер, подофицер и цивилно лице вработени во Армијата, бидејќи дава можност на одредена категорија вработени кои самите или по нечија иницијатива ќе се најдат нераспределени или непоставени на формациски места повеќе од 60 дена, да заминат во пензија со најмалку 15 години стаж остварен во Армијата. Исто така истакнува дека се дава можност самите команданти или Министерството за одбрана да одреди кои припадници да заминат во пензија, со што се врши селективност и нееднакво се постапува помеѓу припадниците на Армијата. Смета дека членот 218-а став (6) е дискриминирачки кон него како --------- во Армијата и го става во понеповолна ситуација од другите вработени кои заминале во пензија со најмалку 15 години пензиски стаж во Армијата, а кои не биле поставени на формациски места или пак намерно биле изоставени 60 дена само за да остварат право за пензија, додека пак тој со неговите преку 35 години стаж во Армијата ја нема истата можност. Наведува дека има вработени во Армијата кои преку можноста од член 218-1 став (6) заминале во пензија, а имале далеку помал стаж од неговиот и биле помлади од него.
Смета дека членот 218-а став (6) е намерно вметнат за да има можност за одредена група на вработени да го искористат тоа право, иако систематизацијата не е впишана во ниеден акт, закон, колективен договор или правило во Армијата, никој не ја знае и никој не знае кога е отпочната за единицата во која работи, па оттука тој нема можност ниту да дознае за непоставеноста за да знае кога истекуваат тие 60 дена и да може да поднесе барање за предвремено пензионирање.
Напоменува дека документот за трансформација и систематизација е со класификација на доверливост „Државна тајна" и тие како вработени ја немаат на увид за да знаат дали нивното формациско место се трансформира или укинува и дали исполнуваат услови за пензија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.10.2025 година испрати Известување бр. 08-663/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за одбрана.

На ден 25.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување бр. --------- од 11.11.2025 година од Министерството за одбрана како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-663/3.

Во произнесувањето од Министерството за одбрана известуваат дека во конкретниот случај нема повреда на правата кои се однесуваат на примената на член 218-а од Законот за служба во Армијата и со истиот се испочитувани правата од работен однос од страна на работодавачот. Појаснуваат дека во Министерството за одбрана како орган на државната управа од областа на одбраната и безбедноста постојат повеќе категории на вработени лица и тоа како: службеници вработени во Министерството за одбрана, помошно технички лица, активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кои се распоредени согласно Правилник за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата.

Во поглед на правата и обврските од работен однос за секоја категорија на вработени постои посебна законска регулатива, за активен воен и цивилен персонал важат одредбите од Законот за служба во Армијата, Законот за одбрана, Законот за вработените во Министерството, како и Колективниот договор.

Во делот од претставката кој се однесува за периодот од 2008 па до денес, укажуваат дека подносителот на претставката се вработил во Министерството за одбрана на ден -------- година како ---------, за што и потпишал Договор за права и обврски на ---------од --------- година. Подносителот на претставката како --------- за потребите на службата со наредба од -------- година е упатен на стручно оспособување и усовршување, за што потпишал Договор за права и обврски при упатување на стручно оспособување и усовршување. Согласно член 4 став 1 алинеја 4 од Договорот, подносителот по завршување на стручното оспособување и усовршување е обврзан да остане на работа три пати подолго од времетраењето на истото. На ден --------- година тој склучил Договор за вработување на неопределено време на --------- и со наредба на --------- е поставен на должност ---------. Со одлука за организација и формација на Армијата на Претседателот на Република Северна Македонија, Началникот на Генералштабот донел наредба за организациско-формациски промени од --------- година и со истите се располага по принцип „потребно да знае“.

Со динамички план за трансформација единицата во која бил поставен подносителот со почеток на трансформација започнала на ден --------- година, а тој со наредба е поставен и примил должност во --------- на ден --------- година.

Во делот од претставката каде се бара да се утврди дали има дискриминација врз основа на возраста и статусот при пензионирање, укажуваат дека сите лица заминуваат во пензија согласно одредбите предвидени во Законот за служба во Армијата, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и постојните важечки прописи.

Во прилог на произнесувањето доставуваат акт бр. --------- од 30.10.2025 година од Генералштаб на Армијата ---------.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај **не се исполнети потребните елементи за постоење дискриминација** согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во конкретниот случај, членот 218-а став (6) од Законот за служба во Армијата се однесува на целиот активен воен и цивилен персонал, односно секој чие работно место било укинато, а во рок од 60 дена не бил поставен на друго формациско, односно работно место. Престанувањето на работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата, настанува како директна последица на фактот што тоа работно место повеќе не постои, а немало можност вработениот да биде поставен на друго формациско, односно работно место, што претставува објективна и легитимна причина, а не субјективна проценка.

Согласно законската дефиниција на дискриминација, еден од елементите на дискриминација е постоење на соодветен компаратор, односно лице или група на лица во иста или слична ситуација, споредено со кој на подносителот му е пружен понеповолен третман. Во овој случај, лице вработено во Армијата кое остварило право на пензија врз основ на условот предвиден во член 218-а став (6) од Законот за служба во Армијата не претставува соодветен компаратор на подносителот на претставката, бидејќи тие не се наоѓаат во иста или слична фактичка ситуација. Имено, кај лицето кое ќе го оствари своето право на пензија врз основа на гореспоменатиот член од Законот постои околноста дека неговото работно место се укинува, додека пак кај подносителот на претставката тоа не е случај. Оттука, не може да стане збор за споредливи ситуации, па следствено на тоа ниту за нееднаков третман.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------
- Министерство за одбрана на Република Северна Македонија